**Известување за концентрација помеѓу Упфилд Еуропе БВ, Холандија и Аривија СА Грција**

**(предмет бр. 08-84/2019)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 07.11.2019 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со која Упфилд Еуропе БВ (Upfield Europe BV), со седиште во Насаукаде 3, 3071, Холандија, ЈЛ Ротердам, ќе стекне директна и единствена контрола над Аривија СА (Arivia S.A.), со седиште во Индустриска Зона на Синдос, ДА 13, ОТ31, Б'ФАСИ, ГР 570 22, Општина Делта, Солун, Грција, а согласно со член 12 став 1) од Законот за заштита на конкуренцијата.

**Упфилд БВ** е дел од групата компании контролирани од холдинг-компанијата Upfield Group B.V (сите заедно „**Групација Упфилд**“). Групацијата Упфилд е глобален производител на маргарин и други намази, кремови, алтернативи за млечни крем и растителни масла.

Групацијата Упфилд е крајно контролирана исклучиво од KKR & Co. Inc. компанија основана според законите на државата Њујорк, со главна канцеларија на 9 Вест 57ма Улица, Њујорк, 10019, САД (**"ККР"**). KKR е глобална инвестициска фирма, која нуди широк спектар на алтернативни средства и други инвестициски производи на инвеститорите и нуди решенија на друштвата учесници на пазарите на капитал, нејзиното портфолио компании и други клиенти. Приватните фондовина ККР инвестираат во компании во различни сектори. Во моментов ККР и неговото контролирано портфолио компании немаат регистрирани поврзани лица или друго регистрирано корпоративно присуство во Северна Македонија.

**Аривија СА** е производител на растителни млечни производи и алтернативи на сирење без млеко по прифатлива цена и во најразлични вкусови и формати. Аривија СА е првенствено извозна компанија со повеќе од 300 вработени. Аривија управува со фабрика за производство во Северна Грција со капацитет на производство од 2.500 тони месечно. Аривија нема регистрирани подружници, продажни канцеларии или претставништва во Северна Македонија.

Заедничкиот приход на учесниците во концентрацијата во Република Северна Македонија ги надминува праговите од чл. 14, став 1, точка 2 од Законот за заштита на конкуренцијата.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да*

*пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

11.11.2019 година
Скопје